МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

Скопје, 27 ноември 2024г.

Врска: Предлог Закон за изменување и дополнување на Закон за медиуми, објавен на ЕНЕР на 7 ноември 2024г.

Предмет: **Предлози за измени и дополнувања од Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис“ на Предлог Законот за изменување и дополнување на Закон за медиуми, со кој се предлагаат измени во насока на регулација на онлајн медиумите во Република Северна Македонија**

Почитуван/и,

Во насока на одржување конструктивна дискусија и учество во консултативниот процес, а земени предвид искуството и работата на Фондацијата Метаморфозис, во рок ги доставуваме предлозите за дополнување на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми, иако сме на ставот дека е неопходно донесување на нов Закон за медиуми, во кој сеопфатно ќе бидат уредени сите отворени прашања согласно европските норми и стандарди. Исклучително е важно измените и дополнувањата на Законот да се донесат во максимално инклузивен процес, што подразбира и организирање јавна расправа од страна на предлагачот, со цел да се допрецизираат и други одредби кои се однесуваат на поставените цели во образложението на Предлог Законот, а не се уредени со објавените Предлог измени и дополнувања на Законот за медиуми. Така, недостасуваат одредби со кои ќе се надмине состојбата која е наведена како причина за измените и дополнувањата на Законот за медиуми, а се однесува на „справување со дезинформации, говор на омраза, и на прекршувањето на професионалните новинарски стандарди присутни во онлајн медиумите и платформите на социјалните мрежи“.

**Оттука, предлагаме член 1, точка 3 да гласи:**

„3. Издавач на медиум е правно лице кое врши дејност на издавање на печатен медиум, емитување на радио и телевизиски програми (радиодифузери) или публикување информативни содржини преку онлајн медиуми – интернет портали, **како и нивните официјални страници и профили на социјалните мрежи, како и правно лице здружение или фондација во чија сфера на интерес е и издавање/публикување на онлајн медиуми кои ќе вршат општа или посебна информативна дејност, емитување на радио и телевизиски програми на непрофитна основа,** како и физичко или правно лице кое врши

PORTALB
DRITARE REALITETI
META.MK
ВИСТИНОМЕР
ВЕ ДРЖИ ЗА ЗБОР

агрегирање вести на посебни интернет страници или мониторирање на медиумите на начин што остварува приходи од давање на овие онлајн услуги.“

**Образложение:** Со предложената измена законодавецот стриктно се задржува само на правно лице кое врши дејност на издавање на различни медиуми. Здруженијата и фондациите, регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, се правни лица но по дефиниција не се издавачи на медиуми, па останува нејасно зошто да бидат исклучени или не спомнати прецизно во предложените измени и дополнувања на Законот. Ова е во согласност со домашната и европска регулатива и практика, која познава здруженија или фондации кои се со години издавачи на општи и специфични информативни медиуми.

**Предлагаме член 2, став 1** во точката 1 да се измени: после зборовите „програми на радиото и телевизијата,“ се додаваат зборовите „онлајн медиуми – интернет портали, **како и нивните официјални страници и профили на социјалните мрежи** “.

**Образложение:** Да се усогласи со EU Digital Services Act и друга релевантна регулатива во рамките на ЕУ.

**Предлагаме член 2, став 4 да гласи:**

„(4) Правно или физичко лице може во Република Северна Македонија да врши дејност на публикување информативни содржини во вид на текст, аудио или аудиовизуелен формат преку онлајн медиум – интернет портал, доколку дејноста ја впише во Централниот регистар на Република Северна Македонија, има седиште и уредништво во Република Северна Македонија, има најмалку две (2) лица во редовен работен однос. ~~и поседува мк-домејн~~. **Издавачот на информативни содржини во вид на текст, аудио или аудиовизуелен формат преку онлајн медиум – интернет портал по исклучок може да има и само едно лице во редовен работен однос, доколку неговата адреса и секојдневна работа се одвива во општините и регионите во Република Северна Македонија надвор од Скопје, т.е. потпаѓаат под категоријата локални или регионални медиуми или пак се занимаваат со информативни содржини наменети за ранливи категории граѓани и групи, а кои се од општ јавен интерес.**

**Образложение:** Мислење на Фондацијата Метаморфозис е дека со Законот не треба да е одреден минимумот на бројот на вработените. Но, ако ова прашање се уредува со Законот, тогаш неопходно е предлагачот да има предвид дека локалните и регионалните медиуми се во многу тешка финансиска состојба пред се’ поради слабата економска база во локалните средини, па често се соочуваат со финансиски проблеми и се на работ на опстојување. За нив наметнувањето обврска да имаат двајца вработени може да претставуваа посебна тешкотија па да дојде до затворање на онлајн медиумите. Имајќи предвид дека локалните и регионалните медиуми вршат информативна дејност посветена на локалните и регионалните проблеми, на тој начин би дошло до осиромашување на информирањето за тие проблеми, а со тоа и ускратување на уставното право на граѓаните загарантирано во член 16 од Уставот на РСМ, посебно ставовите од 1 до 3:

Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.
Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации

Предлогот да се избришат зборовите „и поседува мк-домејн" се заснова на потребата за регулација на онлајн медиуми кои имаат седиште и уредништво во РСМ, а користат домејни регистрирани во други земји (на пример, .com, .org).

**Предлагаме новиот став (7) во членот 2 да се усогласи со елементите од Регистарот на Промедиа.мк.**

На крај, сакаме да укажеме дека е неопходно дополнително да се усогласи целокупната законска медиумска регулатива со што ќе се овозможи непречена примена на Измените и дополнувањата на Законот за медиуми кога ќе стапат на сила.

Се надеваме дека предлозите за измени и дополнувања ќе бидат земени предвид.

За сите дополнителни прашања и коментари ви стоиме на располагање на e-mail: info@metamorphosis.org.mk.

Со почит,

Бардил Јашари, Извршен директор